# *Современа чехословачка графика*



*Музеј на современата уметност, Скопје*
*Museum of Contemporary Art, Skopje*
*5—20. XI 1987*

*организатори: министерство за култура на словачка социјалистичка република; словачка народна галерија, братислава; републичка комисија за културни врски со странство, скопје и музеј на современата уметност, скопје*

*Намерата, современата ликовна уметност на Чехословачка да биде претставена во СР Македонија, токму со колекција на графики, произлезе од фактот дека творештвото во областа на графиката кај нас обезбеди значајно место меѓу одделни уметнички дисциплини и тоа во европски контекст. Современиот развој во областа на графиката го сочува својот континуитет и се надоврза на традициите на современата чешка и словачка уметност во која се огледуваат менталитетот и духот на нашиот народ, користејќи ги истовремено поттикнувањата и можностите што ги обезбедува развитокот на нашето општество. За повеќеслојниот, динамичен развој на графичката дисциплина, и нејзиниот специфичен уметнички аспект, карактеристично е барањето на стабилно вклучување на уметничкото дело во структурата на општеството. Обновувањето на општествената функција на уметноста дејствува во насока на проширување на темите во сферата на уметноста, а истовремено е изразена низ интензивните напори за потесно и квалитативно преплетување на уметноста и општествените современи збиднувања. Во процесот на кристализирањето на уметничкото творештво, јасни се напорите за сфаќање на сложената структура на односите на човекот кон светот во кој тој живее, кон општеството кое тој го создава и кој во исто време претставува интегрален дел на неговото уметничко искажување. Оваа изложба претставува поглед врз карактеристичните и доминантни духовно-уметнички проблеми во развитокот на чешката и словачката графика, особено во последниве две децении. Со својата содржина, изложбата претставува репрезентативен избор на автори и дела од сите генерации. Што се однесува до авторите, според концепцијата на изложбата, застапени се претставници од постарата и средната генерација чешки и словачки уметници кои решително земаа учество во создавањето и развитокот на нашето графичко творештво. Нивната карактеристика е ориентирањето од експресивни изразни форми, со значајна фолозофско-естетска и хуманистичка порака, од лирски и декоративни решенија (на пр. творештвото на Јулиус Сабо, Винцент Хложник, Јозеф Лислер, Орест Дубај, Лудовит Фула, Јарослав Лукановски и други).*

*Изразит и моќне силен тематски круг во нашето современо графичко творештво претставува фигуративната графика која преминува во областа на фантастиката и имагинацијата. Нејзината карактеристика е брилијантниот цртачки израз со претенциозна и сложена композиција со симболичен содржински израз. Авторите се личности чиишто дела многу пати се наградувани на меѓународни манифестации. Би сакале да ги спомнеме Албин Бруновски, Јиржи Андерле, Владимир Гожович, Ева Беднаржова и Душан Калај. За една друга група автори заедничкиот момент е цивилизацискиот поглед на денешницата. Од уметничка гледна точка, таа се претставува со различни изразни форми. Преовладуње на еколошките проблеми, техничкиот напредок и надоврзувањето на монументалната уметност се тематски условени. Геометрискиот елемент го среќаваме во делата на Франтишек Грос, Алојз Климо поезијата на секојдневието кај Алена Кучерова и Ј. Балкар, а монументалноста кај Милош Урбашек. Немаме за цел, а на ова место не е ни можно, да се прикаже современата состојба на чешката и словачката графика во сета нејзина сложеност. Ние само се обидовме да ги скицираме нејзините карактеристични и специфични квалитети во главни контури, со кои таа се разликува од другите збиднувања во таа насока достигнувајќи го денешното високо уметничко ниво.*

*Проф. Др, Ева Тројанова*

*Јиржи АНДЕРЛЕ*
*Сликар и графичар*
*Роден 1936 во Павликово.*
*Студирал на Академијата за ликовни уметности во Прага од 1955—1961.*
*Живее во Прага.*

1. *ЕЛИТА (од циклусот „ИЛУЗИЈА И РЕАЛНОСТ"), 1981, сува игла, колаж, 95,8 x 64.*
2. *ВОЈНИК И МАЈКА СО ДЕТЕ (Од циклусот „ИЛУЗИЈА И РЕАЛНОСТ"), 1982 сува игла, колаж 95,9 x 63,7.*

*Јозеф БАЛАШ*
*графичар*
*Роден 1923 во Хлоховец.*
*Студирал на Високата школа за применета уметност во Братислава од 1949—1951 и на Академијата за ликовни уметности во Софија од 1952—53.*
*Живее во Пезинок.*

3. *GOOD BYE, YASUKO, 1970, литографија во боја, 61 x 41,9*
4. *ЧОВЕК-МИЛИОН, 1971, литографија во боја, 68,3 x 48,3*

*Јиржи БАЛКАР*
*Сликар и графичар*
*Роден 1929 во Колин.*
*Студирал на Високата школа за применета уметност во Прага од 1948—53.*
*Умрел 1968 во Прага.*

5. *МАЛ ОПШТЕСТВЕН НАСТАН, 1966, литографија во боја, 44,9 x 30,1*
6. *МОЈАТА МАЛА ЉУБОМОРА, 1966, литографија во боја, 46,9 x 32,3*

*Ева БЕДНАРЖОВА*
*Графичарка*
*Родена 1937 во Прага.*
*Дипломирала на Високата школа за применета уметност во Прага 1963.*
*Умрела 1986 во Прага.*

7. *НОВ ТЕСТАМЕНТ, 1966, бакропис, 63,3 x 49,4*
8. *КРУНИСУВАЊЕ, 1969, бакропис, 49,8 x 61,8*

*Вјера БОМБОВА*
*Графичарка*
*Родена 1932 во Букловиани кај Бардејов.*
*Студирала на Високата школа за ликовни уметности во Братислава.*
*Живее во Братислава.*

9. *МЕСЕЧИНА, 1971, бакропис, 32,8 x 45,8*
10. *ПРИНЦЕЗА, 1972, сува игла 49,6 x 32*

*Владимир БОУДНИК*
*Графичар*
*Роден 1924 во Прага.*
*Дипломирал на Државната графичка школа во Прага 1949.*
*Умрел 1968 во Прага.*

11. *СТРУКТУРА НА ЅИДОТ, структурална монотипија, 31,8 x 49,1*
12. *ДЕТАЛНА СТРУКТУРА, 1965, структурална монотипија, 29,1 x49,2*

*Роберт БРУН*
*Графичар*
*Роден 1948 во Жилина.*
*Студирал на Високата школа за ликовни уметности во Братислава од 1966—1972.*
*Живее во Жилина.*

13. *ONE MAN SHOW I, 1983, сува игла во боја, 29 x 19,6*
14. *САМО ЗА ДАМИ, 1984, сува игла во боја, 29 x 21,1*

*Албин БРУНОВСКИ*
*Графичар*
*Роден 1935 во Захор.*
*Студирал на Високата школа за ликовни уметности во Братислава од 1955—1961.*
*Живее во Братислава.*
15. *ВО ЧЕСТ НА КОШМАРНИТЕ СНИШТА III, 1984/85, сува игла, мезотинта, 39,4 x 29,6*
16. *ВО ЧЕСТ НА КОШМАРНИТЕ СНИШТА, VI, 1985, бакропис, сува игла, мезотинта, 38,8 x 29,5*

*Владимир ГАЖОВИЧ*
*Сликар, графичар и илустратор*
*Роден 1939 во Братислава.*
*Студирал на Високата школа за ликовни уметности во Братислава од 1961—1967. Ја користел Хердеровата стипендија на Академијата за ликовни уметности во Виена од 1969—1970.*
*Живее во Братислава.*
17. *ЖИВОТЕН КАРУСЕЛ, 1983, литографија во боју, 75,7 x 56,2*
18. *ПОЗНАТО И НЕПОЗНАТО, 1983, литографија во боја, 73,6 x 55*

*Вјера ГЕРГЕЛОВА*
*Графичарка*
*Родена 1930 во Нове Замку.*
*Студирала на Високата школа за применета уметност во Прага од 1952—58.*
*Живее во Братислава.*
19. *КОЛОСЕУМ, 1980, литографија во боја, 39 x 26,5*
20. *МЕДУЗА, 1980, литографија во боја, 38,8 x 26,5*

*Франтишек ГРОС*
*Сликар и графичар*
*Роден 1909 во Нова Пака.*
*Студирал на високата техничка школа во Прага од 1927—1928 и на Школата за применета уметност во Прага од 1928—1931.*
*Живее во Прага.*
21. *МАШИНСКО БРДО, 1974, литографија во боја, 53,7 x 38,5*
22. *ДВА БОРЦА, 1980, литографија во боја, 52,9 x 40,2*

*Карел ДЕМЕЛ*
*Графичар и илустратор*
*Роден 1942 во Прага.*
*Студирал на Државниот конзерваториум во Прага од 1957—1963 и на Високата школа за применета уметност во Прага од 1968—1974.*
*Живее во Прага.*
23. CAPRICCIO, *1985, сува игла и бакрорез, 63 x 48*
24. *ШУМА, 1986, бакрорез во боја, 48,7 x 63*

*Орест ДУБАЈ*
*Графичар и илустратор*
*Роден 1919 во Велика Пољана кај Прешов.*
*Студирал на Одделот за ликовна уметност на Словачката висока техничка школа во Братислава од 1939—1942.*
*Живее во Братислава.*
25. DUKLA, *1977, линорез, 34,8 x 34,8*
26. *МИР, 1977, линорез, 34,8 x 34,8*

*Ернест ЗМЕТАК*
*Графичар, сликар и илустратор*
*Роден 1919 во Нове Замку. Студирал на Академијата за ликовни уметности во Будимпешта од 1939—1943.*
*Живее во Братислава.*
27. *ЗИМА ВО ЛЕНДАК, 1965, дрворез во боја, 33,1 x 39,8*
28. *ЗИМСКИ МОТИВ, 1966, дрворез, 30,1 x 42,8*

*Јиржи ЈОН*
*Сликар и графичар.*
*Роден 1923 во Трешт.*
*Студирал на Високата школа за применета уметност во Прага од 1946—51.*
*Умрел 1972 во Прага.*
29. *ДВИЖЕЊЕ НА ЗЕМЈАТА, 1966, бакропис, 49 x 49,5*
30. *МИНЕРАЛ — КАМЕНЕН ЦВЕТ, 1967, бакропис, 59 x 48,8*

*Душан КАЛАЈ*
*Графичар, илустратор и сликар*
*Роден 1948 во Братислава.*
*Студирал на Високата школа за ликовни уметности во Братислава од 1966—1972.*
*Живее во Братислава.*
31. *ОБОЖАВАТЕЛ НА ЛЕТОТ НА ПТИЦАТА, 1977, бакропис и сува игла 32,1 x 24,4*
32. *ПЛОДНО ДРВО, 1977, бакропис, 32,1 x 24,3*

*Алојз КЛИМО*
*Графичар, сликар и илустратор*
*Роден 1922 во Пиештану.*
*Студирал на Словачката висока техничка школа во Братислава од 1941—1945 и на Високата школа за применета уметност во Прага од 1945—1948.*
*Живее во Братислава.*
33. *ДВИЖЕЊЕ I, II, 1983, сито-печат во боја, 49,3 x 35*

*Војтјех КОЛЕНЧИК*
*Графичар, сликар и илустратор*
*Роден 1955 во Нитра.*
*Студирал на Високата школа за ликовни уметности во Братислава од 1947—1980.*
*Живее во Братислава.*
34. *ТОРЗО I, II, 1983, сито-печат во боја, 49,5 x 37,2*

*Алена КУЧЕРОВА*
*Графичарка*
*Родена 1935 во Прага.*
*Студирала на Високата школа за применета уметност во Прага од 1954—59.*
*Живее во Прага.*
35. *ОДДУШКА ВО КАПЕЊЕТО, 1967, перфорација, 53,4 x 74,9*
36. *ПРОПЕЛЕР, 1967, перфорација, 46,8 x 61*

*Јозеф ЛЕЈСЛЕР*
*Сликар, графичар и илустратор*
*Роден 1912 во Видолице.*
*Студирал на Високата школа за архитектура во Прага од 1934—1948.*
*Живее во Прага.*
37. *ИСКОПУВАЊЕ НА 20 век, 1969, литографија во боја, 51,8 x 41,8*
38. *КАРНЕВАЛ НА БРОД, 1978, литографија во боја, 37,7 x 54,1*

*Јарослав ЛУКАВСКИ*
*Графичар и илустратор.*
*Роден 1924 во Прага.*
*Студирал на Државната графичка школа при Академијата за ликовни уметности во Прага од 1945—1950.*
*Умрел 1984 во Прага.*
39. *НА ОРЛОВСКОТО БРДО, 1960, дрворез, 48,8 x 37*
40. *ПРАГА, 1980, дрворез, 30 x 40*

*Јулиуш САБО*
*Графичар и сликар.*
*Роден 1907 во Будимпешта. Студирал приватно во Мартин во Прага од 1932—1933 и на Академијата Јулиан во Париз во 1938.*
*Умрел 1972 во Прага.*
41. *ОСУДЕНИЦИ (од циклусот Ecce Вита), 1963, дрворез, 30 x 40*
42. *ЗАСТРАШУВАЊЕ (од Циклусот Ecce Vита), 1963, дрворез, 40 x 30*

*Милош УРБАШЕК*
*Сликар и графичар.*
*Роден 1932 во Острава.*
*Студирал на Високата школа за ликовни уметности во Братислава од 1958—1964.*
*Живее во Братислава.*
43. 2 листа од АЛБУМОТ НА ГОДИШНИНАТА НА ГОЛЕМАТА ОКТОМВРИСКА РЕВОЛУЦИЈА, *1972, сито-печат во боја, 47 x 47.*

*Лудовит ФУЛА*
*Сликар, графичар и илустратор.*
*Роден 1902 во Ружомберок.*
*Студирал на Школата за применета уметност во Прага од 1922—1927.*
*Умрел 1980.*
44. *СЕЌАВАЊЕ ЗА МОРЕТО, 1961, линорез во боја, 30,1 x 45,5*
45. *ЗЕМЈА НА ПТИЦИТЕ, 1961, линорез во боја, 35,9 x 47,7*

*Винсент ХЛОЖНИК*
*Сликар, графичар и илустратор*
*Роден 1919 во Сведерникж.*
*Студирал на Школата за применета уметност во Прага од 1938—1942.*
*Живее во Братислава.*
46. *БИСТА, 1974, сува игла, 64,5 x 49,3*
47. *СТОЛ, 1977, сува игла, 64,5 x 49,3*

*Ладислав ЧЕПЕЛАК*
*Сликар и графичар.*
*Студирал на Академијата за ликовни уметности во Прага.*
*Живее во Прага.*
48. *НЕБО, 1983, комбинирана мезотинта, 43,5 x 43,3*
49. *ОБЛАК, 1983, мезотинта и акватинта, 36,3 x 63*

*Иван ШУРМАН*
*Графичар и илустратор*
*Роден 1935 во Братислава.*
*Студирал на Високата школа за ликовни уметности во Братислава од 1956—1962.*
*Живее во Братислава.*
50. *ВО ШИРОКО ПОЛЕ, 1979, линорез, 27,3 x 27*
51. *ПРОЛЕТ ВО ПОЛЕТО, 1980, линорез, 33 x 24,7*

на насловната страна: јиржи андерле, од циклусот „илузија и реалност“, 1981

издавач:
музеј на современата уметност, скопје
одговорен уредник:
слободанка парлиќ баришиќ
организација на изложбата:
викторија васев димеска
превод на македонски:
слободанка поповска (предговор) и љубица дамјановска (биографски податоци и каталог)
ликовно обликување:
стефан георгиевски
печат:
гз „гоце делчев“, скопје
тираж: 300